Република Северна Македонија
**Министерство за одбрана**

Копија бр.-/Примерок бр.-

**Предмет:** Шестмесечен брифинг, Известување, доставува.-

**Врска:** Имплементација на втор Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност“ (2020 – 2025) – стратегиска рамка

## I.СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ЈУЛИ 2022 ГОДИНА

Врз основа на активностите проектирани од страна на задолжените институции за имплементација на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност“ (2020 – 2025) – стратегиска рамка, во период од јануари до јуни 2022 година реализирани се следните активности:

### МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА:

Во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во континуитет се создаваат нови и се зајакнуваат постоечките капацитетите за спроведување на родови обуки, со што базенот на родови обучувачи се зголеми од 21 (дваесет и еден) на 25 (дваесет и пет) НАТО сертифицирани родови обучувачи.
Во организација на UNDP/SEESAC, а во соработка и поддршка на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Нордискиот центар за родот во воени операции (NCGM), во мај 2022 година во касарна „Гоце Делечев“-Скопје се реализраше регионален две-неделен курс „Обука за родови обучувачи“ преку кој 4 нови претставници/-чки од Министерството за одбрана и Армијата се стекнаа со сертификат за родов обучувач.
Директорка на курсот беше Координаторката на РГ за КМиЕ од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, како сертифициран родов обучувач и лидер на синдикална група, а воедно од Армијата беше ангажиран уште еден сертифициран родов обучувач.

Во насока на зајкнување и одржување на регионалната соработка во април 2022 година во организација на UNDP/SEESAC, одржан е 14-тиот регионален состанок за механизмите за родова еднаквост во министерствата за одбрана и земјите на Западен Балкан, на кој што министерствата за одбрана и вооружените сили брифираа за постигнатиот напредок за период од претходниот регионален состанок и претстојните активности во предметниот домен, а на состанокот учествуваа пет претставнички од Министерството за одбрана и Армијата.

Во делот на инкорпорирање на родовата перспектива во програмите за образование и обука, во завршна фаза е изработка на Регионалната студија за интеграција на родовата перспектива во образованието и обуката во одбранбените системи во земјите од Западен Балкан. За споменатото, а во рамките на регионалниот проект со UNDP/SEESAC во јуни 2022 година одржан е регионален финален состанок на Регионалната работна група со цел да се дефинираат заклучоците и перпораките од изработениот материјал која ќе даде детален преглед на системите за образование и обука во одбраната во земјите од Западен Балкан, а воедно да се финализира и публикува Студијата до крајот на 2022г.

Во врска со вклучување на родова перспектива во стратешките планови и буџетот на Министерство за одбрана, изработена е нова родово буџетска изјави за нова потпрограма 11-стручно оспособување и усовршување во земјата и странство.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ:**

Во доменот на заштита односно обезбедување на ефективна и сеопфатна заштита на мажите и жените, преоктирано е да се воспостават сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово-базирано насилство и на жртвите на семејно насилство и за таа цел формирана Работна група задолжена за утврдување на предлог објекти во МВР и МТСП во кои има услови за опремување и оспособување на пријатни соби во кои ќе се врши разговор од страна на стручни лица со жртви на родово базирано насилство и иститe ќе бидат пристапни за лица со попореченост.При тоа констаитирано е дека во ПС од ОН Тетово, ПС од ОН Гостивар, ПС од ОН Кочани, ПС од ОН Кисела Вода, ПС од ОН Велес и ПС од ОН Битола веќе постојат адаптирани пријатни соби и побарана повратна информација само за пристапот за лица со физичка попореченост. Од направените анализи на членовите на РГ заради соодветна регионална покриеност предложени се неколку полициски станици: ПС Куманово, ПС Охрид, ПС Кичево, ПС Прилеп, и во Скопје ПС Карпош, ПС Гази Баба или Ѓорче Петров од кои е побарано да достават известување дали имаат простории кои би можеле да бидат адаптирани во пријатни соби, со цел да се изнајдат можности за нивна адаптација во пријатни соби.Од направените анализи утврдено е дека од предложените полициски станици во моментот само во ПС Куманово и во ПС Прилеп има услови да се адаптираат вакви пријатни соби за што во меѓувреме се одвиваат активности за обезбедување на финансиски средства.

За зајакнување на полициските капацитети за превенција на родово базирано насилство и семејно насилство, полициски службеници од повеќе полициски станици учествуваа на работилници, семинари, тркалезни маси, обуки и сл. организирани од страна на одередени општини и невладини организации**.**

Во наставната програма за основна обука за полицаец континуирано се инкорпорираат теми кои имаат за цел зголемување на стручноста во постапувањето од родово сензитивен аспект, а со цел запознавање на полициските службеници со принципите на Резолуцијата 1325 преку процесот на основна и континуирана обука.

Во извештејниот период потпишан е Меморандум за соработка бр.13.3-44135/1 од 20.04.2022 година склучен помеѓу Министерството за внатрешни работи и Македонската асоцијација на гинеколози и опстетричари.Една од предвидените цели на двете страни потписнички во овој Меморандум е запознавањето со типовите на родово базирано насилство, правата како и соодветна заштита и згрижување на жртвите од сексуално насилство.

Изработена е Родова буџетска изјава за 2022 година за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција. Истата е изработена со цел унапредување и вклучување на родовата еднаквост во борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција и е објавена на веб сајтот на МВР.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:**

За зајакнување на капацитетите, унапредување на работата, кординација на институционалните механизми за спречување и заштита од дискриминација**,** на 25.05.2022 година усвоена е Стратегијата за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година Во тек е подготовка на акциски план 2022 – 2024 година и изработени е-модули за еднаквост и недискриминација и доставени до МИОА.

Стратегија за родова еднаквост 2021 -2026 година е во собраниска процедура.

Работната група работи на унапредување на драфт верзијата на Законот за родова еднаквост и изработени Подзаконски акти за негова имплементација.Преку ТАЕКС инструментот добиен е Извештај од експертско мислење во однос на усогласеност на Драфт верзија на Законот за родова еднаквост со меѓународните стандарди.

Во врска со вклучување на родова перспектива во Стратешките планови и Буџетите на органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа, изработени се 12 родово буџетски изјави/извештаи и организирани 4 сесии на еднодневни обуки за родово одговорно буџетирање на кој учествуваа администертивни службеници кои се вклучени во подготовка на стратешки планови и буџети.

Работната група со експертска поддршка обезбедена од УНФПА работи на подзаконски акти за основна и континуирана обука, за Регистар на обучувачи за интегрирано собирање на податоци на Протокол за мултисекторксо постапување и на Програма за реинтеграција на жртви.

Во врска со функционирање и одржливост на Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и жртви на сексуално насилство, како и спроведување на обуки и работни средби за борба против трговија со луѓе со стручни лица од центри за социјална работа, граѓански организации, претставници на полиција и други одговорни институции, Одржана една работна средба со ЦСР Скопје и спроведена една обука за трговија со деца во соработка со Совет на Европа и Биро за развој на образование во рамки на Хоризонталниот инструмент за Југоисточна Европа и Турција проект „Борба против трговија со луѓе“.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА:**

Со цел унапредување на содржините на наставните програми и учебниците во основно и средно образование, Министерството за образование и наука донесе нови наставни програми за второ и петто одделение, а нивната имплементација ќе започне во учебната 2022/23 година.

До крајот на календарската 2022 година предвидено е да се изготви анализа на содржините од учебниците за основно образование. Нови наставни програми се изготвени согласно Концепцијата за основно образование и Националните стандарди.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ:**

Текстот на предлог Законот за надворешни работи, кој се наоѓа во владина процедура предвидува зголемување на бројот на жени на високи раководни позиции во Министерството и на високи дипломатски позиции во ДКПата.
Во првите шест месеци од 2022 г., во Министерството беше спроведена систематизација со која беше унапредено административното звање на вкупно 10 жени во Министерството.

Преку организирани семинари, обуки, курсеви, работилници и меѓународни конференции во земјата и странство, покрај водење на сметка за почитувањето на принципот на родовата застапеност во однос на номинирани учесници, се работи и на подигање на свеста за сензибилноста на прашањето за родовата еднаквост. Во таа насока, во извештајниот период, одржани се 2 обуки за стручно оспособување (за стекнување повисоко звање). На овие обуки учествуваа вкупно 27 вработени, од кои 12 жени. Исто така, 3 жени учествуваа на обуки за стручно усовршување, организирани од странски институции.

Во делот за афирмација на родовите перспективи и залагање за поттикнување на лидерството како стратешка цел на МНР, во рамки на овогодинешниот Преспа Форум Дијалог се одржа и Панел-дискусија на тема „Самитот на демократијата: Важноста на жените на одлучувачки позиции".Воведни обраќања имаа ЗМНР Фатмире Исаки, додека како специјални гости се обратија ПРК Вјоса Османи-Садриу и Розмари А. Ди Карло.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Во собраниска постапка на донесување е Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, а за негово спроведување се предвидени 16 милјони денари во Буџетот на Министерство за правда.

Во собраниска постапка на донесување е Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик, за што не се предвиденифинансиски импликации.

Донесен и објавен на веб страна на Министерство за правда Годишен извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош за 2021 година.

Во април 2022 година одржана е обука за „Подигнување на свеста за улогата на жените и важноста од имплементацијат на Резолуцијата 1325", на која присуствуваа 8 судии, 1 јавен обвинител и 7 стручни соработници. Обуката беше обезбедена со буџет на Академија за судии и јавни обвинители.

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Во извештајниот период се реализирани многубројни активности, вежби и обуки од областа на цивилната заштита, превенција, планирање и развој, при што континуирано се обрнуваше внимание на еднаквата застапеност на жените и мажите во активностите. Учеството на жени во оперативниот дел од работењето на Дирекцијата за заштита и спасување е релативно зголемено, воедно се презвемаат и активности за зголемување на интересот на жените во опетивниот дел на Дирекцијата имајќи го во предвид фактот дека оперативнот дел е релативно тешка работа.

Формиран е тим којшто посветено ќе работи во реализација на обуки и презвемање на иницијативи за зголемувањето на присуството на жените на лидерски позиции.

**ЦЕНАТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**

Направена е анализа на моменталната состојба на постојаната инфраструктура на Центарот за управување со кризи. Во сите објекти на ЦУК има родово прилагодени тоалети. Во однос на другите  другите инфаструктурни прилагодувања – лифт, рампи за лица со посебни потреби, ве информираме дека истите приоритетно планирани во престојниот буџетски циклус и согласно динамиката на обезбедените финансиски средства ќе биде имплементирана оваа обврска.

## II. ЗАКЛУЧОК

Министерството за здравство и Министерството за финансии како дел од задолжените институциите за имплементација на вториот НАП на Република Северна Македонија за Резолуцијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност“ (2020 – 2025) – стратегиска рамка, не доставија шестмесечни извештаи/брифинзи за реализрани активности во наведениот период.

**КООРДИНАТОРКА**
**на Работна група за координација,**
**мониторинг и евалуација на втор НАП**

потполковник Антониела Станковска-Будимир